# МОНИТОРИНГ

## НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА СТРУГА

## ЗА МЛАДИ

2015 - 2017

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Изработката на овој извештај финансиски е поддржана од Фондацијата Отворено општество – Македонија, како дел од активностите на Концептот Општина по мерка на граѓаните.

CREATIVE & ACTIVE association

# МОНИТОРИНГ

## НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА СТРУГА

## ЗА МЛАДИ

## 2015 - 2017

Струга, декември 2016 година

Издавач: Здружение „Креативни и Активни “

За издавачот: Халит Лита, претседател

Автори: Ардита Истрефи Илјази, Кристина Василеска

Уредник и рецензент: Д-р Борче Треновски

Уредници од Фондација Отворено општество Македонија:

Данче Даниловска-Бајдевска

Наташа Анѓелеска

Лектура: Шефајет Муртезаи-Дервиши

Превод на албански јазик: Шенаси Јаји

Дизајн и подготовка: Бригада дизајн

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Изработката на овој извештај финансиски е поддржана од Фондацијата Отворено општество – Македонија, како дел од активностите на Концептот Општина по мерка на граѓаните.

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ........ 4

**1. ВОВЕД** ........ 6

**2. СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА** ........ 8

**3. СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПРИНЦИПИ ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУГА** ........ 10

**4. МЕТОДОЛОГИЈА НА МОНИТОРИНГ ПРОЦЕСОТ** ........ 16

**5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И КЛУЧНИТЕ НАОДИ** ........ 18

**6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** ........ 28

**7. ИЗВОРИ** ........ 31

**7. АНЕКС** ........ 34

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Мониторингот извештајот има за цел да го утврди степенот на спроведување на Акцискиот план за Локалната стратегија за млади 2015-2017. Поконкретно, главната цел при спроведувањето мониторинг и анализата на податоците е да се даде јасна оцена за тоа колку ги реализираат институциите (оштината, НВО, образовните институции, и др.) своите активности и колку ги чувствуваат крајните корисници резултатите од нив.

- Од вкупно 41 мониториран корисник и тела одговорни за имплементација на Стратегијата и Акцискиот план за млади, одговор за средба или пополнување на прашалникот по и-мејл добивме од 28 организации/институции, односно од 68% од организациите/институциите од планираните.

- Степенот на реализација на Акцискиот план изнесува 39% проценти. Ова е резултат од квантитативна природа, но и квалитативните показатели укажуваат дека реализацијата на активносите е ниска.

- Од вкупно 51 активност од Акцискиот план предвидени да се имплементираат во период од три години 2015-2017: 25% од активностите се планирани во 2015 година, 33% во 2016 година, додека 2017 година има активности што се имплементираат во континуитет во текот на трите години на Акцискиот план, односно 39% од вкупните активности за реализација.

- Имплементација на активностите од вкупно 51 планирана активност, согласно со временската рамка на планот, 39% се имплементирани активности, додека 61% се нереализирани.

- Во 2015 година, од вкупно 13 активности планирани за имплементација, само 69% се реализирани, а 31% остануваат нереализирани во предвидената рамка.

- Во 2016 година, од вкупно 17 активности планирани за имплементација, 72% од активностите не се имплементирани, а само 28% се реализирани.

- Од активностите што беа планирани да се спроведуваат во текот на трите години, 2015-2017, заклучно со 2016 година, 55% се реализирани, а 45% не се имплементирани.

Во Стратегијата и Акциски план е предвидена флексибилна рамка во однос на динамиката на спроведување на активностите, што, според наше мислење, е направено со цел да се земат предвид недостатоците на функционирање на општинските системи. Општината, поточно оштинската администрација, нема доволно капацитет да ги спроведува сите активности предвидени во Акцискиот план произлезени од Стратегијата. Општината нема прегледност на информации за реализирани активности, преземени интицијативи, клучни и релевантни актери за спроведување, резултати и индикатори. Сите податоци собрани во општинската администрација за овој извештај се направени со посебни состаноци со лица во секторите и оделенијата, што покажува дека нема унифициран систем за следење на имплементација на Акцискиот план и Стратегијата за млади, иако тоа е наведено во самата Стратегија (треба да биде назначено одговорно лице за следење на имплементацијата на Стратегијата за млади на Општина Струга 2015-2020 од страна на градоначалникот на општината).

# 1. ВОВЕД

Локалната стратегија и Акцискиот план за млади на Општина Струга, како два клучни документа на доброто владеење, се дополнителни инструменти од кои се раководи Општина Струга во имплементација на законите и регулативите на државата, со цел јавноста да има информации и увид за тоа како работи општината. Дополнително, овие стратегиски документи, исто така, се неопходни за да се покаже какви се волјата и намерата на општината да ја информира јавноста и да ги споделуваат овие информации, кои се од исклучително значење.

Водени од оваа потреба, Креативни и активни изврши мониторинг на основните информации преку четири перспективи и нивните стратегиски приоритетни цели. Мониторингот имаше цел да го измери спроведувањето на Акцискиот план за локална стратегија за млади 2015-2017. Поконкретно, нашата цел при спроведувањето на мониторингот и анализата на податоците е да дадеме јасна оцена за тоа колку ги реализираат институциите (оштината, НВО, образовните институции и др.) своите активности и колку ги чувствуваат крајните корисници резултататите од нив.

Здружението за млади и култура „Креативни и Активни“ – Струга (КА), почнувајќи од јули 2016 до декември 2016 година, го следеше спроведувањето на Локалната стратегија и Акцискот план за млади на Општина Струга. Мониторингот се одвива во рамките на проектот „Мониторинг на акциски планови од локалните стратегии на Општина Струга“, финансиски поддржан од Фондација Оторено Општество Македонија.

Реализација на Акцискиот план и мониторингот на Стратегијата и Акцискиот план за млади од страна на сите актери се анализираа од три референти точки:

- имплементација врз основа на стратегиски приоритети и стратегиски цели;
- информираност, вклученост и имплементација на други тела во однос на Локалната стратегија за млади и Акцискиот план;
- имплементација на Акцискиот план во периодот 2015-2017.

Надлежните структури за институционална и вонинститтуционална поддршка на развојот на политките за млади треба да ги усогласат програмите со Акцискиот план и да ги направат комплементарни со мерките и активностите. Акцискиот план во локалниот систем за млади ќе ја добие својата вистинска тежина само во услови кога Општина Струга во вистинска смисла ќе ја прифати улогата на носител и главен одговорен за спроведување на Акцискиот план и ќе биде главен иницијатор сите инволвирани страни да го засилат чувството на сопственост врз овој документ.

## 2. СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА

Демографските податоци покажуваат пораст на бројот на населението од 63 376 жители, според последниот попис во 2002 година, на 65 395, според последната годишна процена на населението на 31.12.2014 година. Според возрасната структура, доминираат лицата на возраст од 34 до 59 години (34%), потоа следуваат лицата на возраст од 20 до 34 години (28%). Во однос на националната припадност, Општина Струга е етнички мешана заедница со мнозинско албанско население 57%, македонско 32%, турско 6%, влашко 1%, а помалку од еден процент припаѓаат на Египќани, Роми, Бошњаци, Срби и друго[1].

Во однос на домувањето, како што се зголемува бројот на жители во општината, така расте и бројот на вкупни живеалишта во Струга. Според податоците од пописот во 2002 година, бројот на станови изнесувал 18 300, а во периодот од 2005 до 2014 година се изградени дополнителни 2 365 стана. Во нив живееле 63 376 жители, поделени во 14 483 индивидуални домаќинства, со просечен број на членови на домаќинства = 4.4. Во општината нема социјални станови за социјално загрозените групи.

Официјалните податоци за вкупниот број на активни деловни субјекти покажуваат најголема застапеност на микропретпријатија, но и тренд на намалување на бројката на мали претпријатија во последните години. Намалувањето е особено изразено кај малите претпријатија, каде што во периодот 2009-2012 има намалување за цели 50%. Во однос на секторите на дејност, доминираат трговијата на големо и мало, сместувачки објекти и сервисни услуги за храна и градежништвото.

Вкупниот број на регистрирани невработени лица во октомври 2015 година изнесувал 8 504. Од нив, како активни баратели на работа се регистрирани 38%, а другите 62% се други невработени. Најголем дел од реги-

1 Детални и поопширни информации за социоекономските и демографските карактеристики на Општина Струмица види: Социјална карта на општина Струга, 2016, достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=6152&catID=10&pageIndex=1*, како и *http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/a*

стрираните невработени лица се со основно и средно образование. Во однос на националната припадност, најголем број од евидентираните активни баратели на работа се од македонската етничка заедница, иако во општината има мнозинско албанско население. Мажите кај сите етнички заедници се повеќе присутни како регистрирани активни баратели на работа.

Состојбите со вклученоста во основно образование во Општина Струга во изминатите години покажуваат дека има намалување на бројот на ученици по учебни години. Притоа, нема значителни разлики меѓу девојчињата и момчињата, додека соодносот наставници ученици во Општина Струга изнесува 8:1, со поголема застапеност на жените наставнички.

Бројот на пензионери во Општина Струга, заклучно со октомври 2015 година, изнесува 10 792. Во општината нема сместувачки капацитети за згрижување стари лица. Бројот на семејства корисници на социјална парична помош на крајот на 2014 година изнесувал 384, дополнително имало 78 корисници на условен паричен надомест и 172 корисници на надомест за енергетска сиромаштија.

## 3. СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПРИНЦИПИ ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СТРУГА

Општините се главни извори за финансирање на младинската работа. Многу проблеми што се случуваат на локално ниво, а се поврзани со младите, од една страна, се последица од отсуството или од неможноста на општините да ги поддржат младинските политики, а од друга страна, се резултат на отсуството и непоттикнувањето на младинскиот активизам. Општина Струга во целост ги препознава важноста и улогата на младите во развојот на демократските процеси во општината и, воопшто, во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Тргнувајќи од овие факти, Општина Струга одлучи да ги мобилизира сите засегнати страни во врска со прашањето на младите во општината, да го поттикне младинскиот активизам во општината, да ја унапреди соработката со младите и да придонесе за нивен постојан развој. Резултат на таа заложба е оваа „Стратегија за млади на Општина Струга 2015-2020“[2], која се однесува на соработката на општината со сите засегнати страни од локалните политики за младите и има цел да обезбеди инклузивен процес и учество на граѓанскиот сектор во процесите на дефинирање на развојните активности и иницијативи на Општина Струга во областа на младите, како и да создаде предуслови за креирање ефикасни партнерства. Документот е изготвен на консултативен и партиципативен начин, со значителна вклученост на организациите на младите и општинската администрација во периодот март-ноември 2014 година.

Доследното следење и реализацијата на мерките и иницијативите содржани во документот од страна на градоначалникот, општинската администрација и Советот на општината, како и соодветната финансиска поддршка, ќе обезбедат постигнување на визијата и доверба во посветеноста, транспарентноста и ефикасноста на Општина Струга во решавањето на проблемите и потребите на младите во општината. Стратегијата е

2 Пошироко за структурата/активностите на Стратегијата, визијата, принципите и детален преглед на стратегиските приоритети види Стратегија за млади на Општина Струга 2015-2020, достапна на: *http://foom.mk/mk/Home/Publication?newsID=4970&catID=10&pageIndex=2*

изготвена врз база на извештајот за тековната состојба во Општина Струга и стратегиската анализа, кои се дадени како придружни документи на Стратегијата, а таа е придружена со Акциски план (предмет на овој мониторинг-извештај), во кој се разработени конкретни активности што ќе придонесат за исполнување на утврдените стратегиски приоритети и мерки во насока на постигнување на визијата на општината.

Во рамките на стратегијата е утврдена Визијата на Општина Струга за млади, која гласи: МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА СТРУГА СЕ НОСИТЕЛИ И ИНТЕГРАЛЕН ФАКТОР ВО ГРАДЕЊЕТО НА ГРАЃАНСКОТО МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО, ЕКОНОМСКИОТ И КУЛТУРНО-СОЦИЈАЛНИОТ ЖИВОТ И ЗДРАВАТА ЖИВОТНА СРЕДИНА. Оваа визија на Општина Струга ќе се обезбеди со доследно почитување на утврдените принципи и вредности во партнерство со младите, преку: натамошно зголемување на износот на финансиските средства од буџетот на општината наменет за програмите на младите во општината; развивање на општинскиот административен капацитет, како и капацитетите на организациите на младите; воведување иновативни модели за решавање на проблемите и потребите на младите во општината и надградување на општинските политики и услуги според очекувањата и задоволството на младите и граѓаните од работата на општината, во насока на градење граѓанско и мултикултурно општество, услови за економски и културно-социјален живот, како и здрава животна средина.

Процесот на реализирање на стратегиските приоритети и мерки за остварување на визијата на Општина Струга за соработка со младите во периодот 2015-2020 ќе се раководи според следниве принципи и вредности:

- **Рамноправност** Општина Струга ќе овозможи сите млади да имаат право на еднакви шанси, право на информирање, право на личен развој, доживотно учење и право на вработување во согласност со различните сопствени карактеристики, избор и способности.

- **Мултикултурализам** – Општина Струга ќе овозможи почитување на различностите во сите области на човековиот живот, толеранција, како и афирмација на уметничките и креативните пристапи насочени кон негување и развивање на меѓукултурниот дијалог меѓу младите.

- **Транспарентност** – ќе се промовира повисоко ниво на јавност на информациите со кои се располага, на услугите што се нудат, процедурите според кои се извршуваат и критериумите според кои се обезбедуваат. Општината ќе обезбеди видливост во насока на препознавање на проблемите и потребите на младите од страна на целокупната локална заедница.

- **Отчетност** – отчет за работењето на локалните власти (градоначалникот, Советот и администрацијата), што е, но и што не е реализирано во рамките на предвидените општински програми, со детални финансиски извештаи на реализираните програми, проекти, мерки и активности.

- **Активно учество на младите** – Општина Струга ќе обезбеди права, поддршка, средства, простор и можности за младите да учествуваат во процесот на донесување на одлуките, како и во активностите што придонесуваат за изградба на подобро општество. Достапност –Општината ќе овозможи и ќе обезбеди пристап на младите до сите ресурси. Општината ќе обезбеди услови за зачувување на здравјето на младите и квалитетно користење на слободното време. Општината ќе го афирмира и ќе ги стимулира постепеното воведување и развојот на инклузивното образование на сите нивоа.

- **Иновативност** – постојано ќе се бараат спонтани и системски постапки за воведување нови начини за поефикасно, поефективно и поквалитетно извршување на работните задачи.

- **Одговорност** – Општината ќе ја поттикнува и ќе ја развива одговорноста на оние што работат со младите, како и одговорноста на младите во согласност со своите можности.

- **Солидарност** – Општина Струга ги поддржува меѓугенерациската солидарност и улогата на младите во изградбата на демократско општество. Во општината се поттикнуваат сите облици на генерациска солидарност, култура на ненасилство и толеранција меѓу младите.

- **Соработка** – Се поддржуваат и се обезбедуваат слободата на здружување и соработката со врсниците и се поттикнува меѓугенерациската соработка на локално, национално и меѓународно ниво.

- **Континуираност** – со цел да се задржи и да се унапреди традицијата на создавање образован кадар што има квалитетни и употребливи знаења и вештини за подобрување на квалитетот на животот и одговорно вклучување и придонес во заедницата;
- **Отвореност и ориентираност** – со цел да се излезе во пресрет на потребите на граѓаните и пазарот на трудот;
- **Унапредување на здравјето** – со цел да се создадат услови за здрава популација.

## Цели на Акцискиот план за локалната стратегија на Општина Струга за развој на образованието за периодот 2015-2017 година

Главната цел на Акцискиот план за спроведување на Локалната стратегија за млади на Општина Струга за периодот 2015-2017 година[3] е да развие клучни активности што треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегијата и Акцискиот план ќе бидат основните алатки што ќе ја водат Општина Струга низ процесите заради постигнување на својата визија за развојот, местото и улогата на младите во општината во периодот 2015-2020 година.

Акцискиот план ги дефинира активностите за соработка на општината со младите што треба да се преземат во периодот 2015-2017 година. Спроведувањето на Стратегијата во овој период се заснова врз критериумите на приоритетна потреба и реален пристап до финансиски средства за реализација на активностите согласно со предвидениот буџет на општината и другите извори на финансирање. Притоа, дел од дефинираните активности се започнати и завршени во предвидената временска рамка, додека дел од нив ќе започнат во овој период, но нивната целосна реализација ќе биде завршена во периодот предвиден за целосно спроведување на Стратегијата (2020). За таа цел, кон крајот на 2017 година треба да се изготви Акциски план за периодот 2018-2020 година.

Со оглед на фактот дека во Општина Струга не постои посебно одделение ниту сектор за соработка со младите, спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво се одвива преку годишните програми изготвени за различни области на надлежности на Општина Струга или, пак, со изготвување посебна меѓусекторска програма за соработка со младите. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план се дополнително разработени во проекти што јасно ги дефинираат проектните цели и очекуваните резултати, индикаторите, потребните трошоци, како и субјектите одговорни за нивната реализација.

3 Пошироко за структурата, целите, активностите на деталните чекори на усвоениот акцискиот план види: Акцискиот план за локалната стратегија за млади на општина Струга во периодот 2015-2017 година.

Рамката на Акцискиот план е направена врз основа на Стратегијата за млади на Општина Струга 2015-2020, која и официјално беше усвоена од страна на Советот на општината на седницата одржана во февруари 2015 година. Процесот на акциското планирање е изведено во соработка со засегнатите страни – учесници на планирачките сесии (работилници) – и низ процес на јавни расправи и консултации со надлежните структури и граѓанскиот сектор во Општина Струга.

# 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА МОНИТОРИНГ ПРОЦЕСОТ

Мониторингот на локалната стратегија и Акцискот план за млади се одвиваше, од една страна, врз основа на реализација на директни интервјуа и прашалниците со лица одговорни за нивната имплементација, додека, од друга, со крајните корисници на политиките / активностите од стратегиските документи, со цел добивање поконзистентни резултати и одговори на поконкретни прашања за имплементација на активностите. Овој мониторинг опфаќаше две категории испитаници, и тоа:

- **Состаноци/прашалници** – со претставници на невладини младински организации што учествувале во креирање програмата за развој, со други неформални организации од регионот што се активни и би сакале понатаму да бидат вклучени во процесот на идивидуални состаноци со претставници на релевантните институции што се одговорни за имплементација на дел од активностите од Акцискиот план, како и институции што се корисници на самата стратегија за млади:

- Прашалник за Општина Струга, кој се состоеше од 19 прашања:
  - Прашалникот беше наменет за следниве сектори: образование, култура, социјална заштита, спорт и млади, и
  - Прашалник за координаторот за следење на имплементацијата.

- Прашалник за образовните институции, кој се состоеше од 16 прашања:
  - Со овој прашалник беа опфатени средните училишта, и
  - Прашалник за институциите за високо образование / универзитетите.

- Прашалникот за невладините организации се состоеше од 17 прашања:
  - Од вкупно 135 регистрирани невладини организации што дејствуваат на територијата на Општина Струга, само 35 се активни. Има 32 организации што имаат за дејност млади или вклучуваат во својот статут активности со млади, вклучително и културно-уметничките друштва.

- **Фокус-групи** – со млади на возраст 15-18 години што следат образование во средните училишта во Струга:
  - Прашалникот за фокус-групите се состоеше од 12 прашања:
    - Прашалник за две фокус-групи.

Во рамките на спроведувањето на процесот на мониторингот, најголем дел од испитаниците не одговорија на прашалникот што им беше доставен по и-мејл, па затоа закажавме и директни средби за спроведување интервју во вид на планирани прашања. Од вкупно 41 мониториран корисник и тела одговорни за имплементација на Стратегијата и Акцискиот план за млади, одговор за средба или пополнување на прашалникот по и-мејл добивме од 28 организации/институции, односно од 68% од организациите/институциите што беа планирани.

Прашалникот врз чија основа се мониторираа Локалната стратегија и Акцискиот план за млади се состоеше од прашања со дадени можни одговори и прашања од отворен тип.

Исто така, беа одржани два состанока со Центарот на заедницата на Општина Струга со цел да се добиат детални информаци во однос на активностите реализирани од нивна страна и активности спроведени од други субјекти вклучени во Акцискиот план.

# 5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И КЛУЧНИТЕ НАОДИ

## Имплементација врз основа на стратегиски приоритети и стратегиски цели

Дали е донесена програма за развој на младински иницијативи, програма за ангажирање млади едуцирани луѓе, програма за развој на проекти во областа на претприемништвото и вработувањето на младите, програма за вклучување на младите во развојот на социокултурниот живот во општината, програма за вклучување на младите во заштитата на животната средина, програма за засилување на капацитетите на општината за соработка со младите, програма за поддршка на засилувањето на капацитетите на организациите на младите и програма за подобро искористување на средствата од ЕУ и од другите фондови беа клучните прашања што беа поставени во општината во сите четири области (прашањата ЗГ1 1.1, ЗГ3 3.1, ОУ2 2.2, 2.3, 2.4, РК1 1.1, РК2 2.1 и УБ2 2.2).

## Предвидени мерки/иницијативи во избалансирана карта на показатели на Општина Струга

- Програма за развој на младински иницијативи
- Програма за подобро искористување на средствата од ЕУ и од другите фондови
- Програма за развој на проекти во областа на претприемништвото и вработување на младите
- Програма за јакнење на капацитетите на општината за соработка со младите
- Програма за анграживање на млади едуцирани луѓе
- Програма за вклучување на младите во развојот на социо-културниот живот во општината
- Програма за поддршка на јакнењето на капацитетите на организациите на младите
- Програма за вклучување на младите во заштитата на животната средина

Од интервјуираните службеници од четири сектори во општината, на прашањето дали е донесена програма за развој на младински иницијативи, едно одделение (образование и култура) одговори дека делумно е донесена (33,3%), едно одделение (спорт и здружение на граѓани) дека има донесено (33,3%), а едно одделение (социјална, детска и здравствена заштита) дека не е донесена (33,3%), додека сите други програми не се донесени воопшто.

Службениците од три одделенија одговорија дека сите проекти/активности што се однесуваат на младите во Општина Струга се дел од активностите во постојните програми на општината во областите спорт и здружение на граѓани, образование и култура, социјална, детска и здравствена заштита.

Во овој прашалник имаше и отворени прашања на кои лицата што беа интервјуирани требаше да дадат сопствен одговор. Прашањата се однесуваа на тоа какви мерки се преземени за секој стратегиски приоритет за сите четири перспективи. Од сите три одделенија на општината, само од две (образование и култура; спорт и здружение на граѓани) одговорните лица во институцијата, од вкупно девет прашања, одговорија само на шест (прашањата ЗГ1 1.2, ЗГ2 2.1, ЗГ3 3.2, ОУ1 1.2, ОУ2 2.1, ОУ3 3.1 и УБ1 1.1): комуникација и соработка; формирање совет за млади; финансиска поддршка на НВО за млади културни манифестации, спортски клубови; поддршка на стручно средно образование поддршка на средно музичко училиште (иако е државна институција), форум за буџетот на општината (2015, 2016), финансика поддршка за основните училишта во имплементација на мултикултурни проекти, граѓански форум, вклучување на младите во одлучувањето кои проекти ќе се реализират од општината, јавни дебати.

## Мерки што се преземени за секој стратегиски приоритет за сите четири перспективи од страна на оптината



На прашањето (УБ2 2.1) дали е формиран фонд за поддршка на ЕУ и другите странски проекти, сите четири сектори одговорија дека не е формиран, додека на прашањето (ОУ1 1.1) дали е воспоставена формална структура за поддршка на младите, само еден сектор (култура) одговори дека е формирана таква структура (Центар на заедницата на Општина Струга).

Во Општинската администрација не е назначено лице/кординатор што ќе ја мониторира имплементацијата на Стратегијата и Акцискиот план. Податоците се собирани поединечно со секој раководител на сектор или лице одговорно за координација во секторот.

Информираност, вклученост и имплементација на други тела во однос на Локалната стратегија за млади и Акцискиот план.

## Образовни институции

Следниот прашалник беше наменет за образовните институции во Општина Струга. Од вкупно пет образовни институции (средни училишта и институциите за високо образование / универзитети), само две одговорија на прашалникот (едно средно училиште и еден универзитет).

Што се однесува на тоа дали се информирани дека има Акциски план за стратегија за млади и дали учествувале во изготвувањето на Акцискиот план (прашање 6), една институција одговори негативно, а другата позитивно, додека за прашањата (7, 8, 9, 10): дали сте информирани за програмата за развој на младински иницијативи, дали сте информирани за мерките за засилување на партнерствата со организациите на млади, дали сте информирани за мерките за вклучување на младите во мултикултурните проекти и дали младите/младинските организации се вклучени во процесот на планирање на буџетот за млади (финансирање младински иницијативи и активности) двете организации одоворија негативно.

Во однос на имплементација на проекти/иницијативи/активности за млади од страна на нивните институции (прашање 1), две институции дадоа примери за активно вклучување на младите.

На прашањето дали се преземаат мерки за намалување на миграцијата на младите едуцирани луѓе две институции одговорија позитивно. Еве неколоку неколку примери: активности што ги сензибилизираат младите за можноста за вработување, нови идеи за проекти што вклучуваат млади, вклучување на младите во имплементација на различни проекти.

## Примери за преземени мерки за намалување на миграцијата на младите едуцирани луѓе

- активности кои ги сензибилизираат младите за можноста за вработување
- нови идеи за проекти кои вклучуваат млади
- вклучување на младите во имплементација на различни проекти

## Невладини организации

Од вкупно мониторираните 32 корисници на Стратегијата за млади невладини организации што имаат за дејност млади или вклучуваат во својот статут активности со млади, вклучително и културно-уметничките друштва во Општина Струга, само 59% од испитаниците одговорија на нашиот прашалник, додека 41% не одговорија.

На прашањето дали знаат дека има Акциски план за стратегија за млади, 37% одговорија дека немаат таква информација, додека 63% одговорија дека знаат за Акцискиот план, од кои 50% биле вклучени во изготвувањето на стратегијата за млади, додека 50% од нив не биле вклучени во изготвување стратегијата.

**Дали знаете дека има Акциски план за стратегија за млади?**




На прашањето колку члена/ млади активни има вашата организација, 16% одговорија дека имаат помалку од пет, 26% одговорија дека имаат од пет до десет, додека 58% одговорија дека имаат повеќе од десет члена.

Во однос на прашањето дали имаат информација за програмите и мерките за младите по стратегијата за млади (прашање 8, 9 и 10): 16% имаат познавање за нив, 16% делумно познавање, додека 68% немаат информации.

**Дали имате информација за програмите и мерките за младите по стратегијата?**



Дали младите/младинските организации се вклучени во процесот на планирање на буџетот за млади (финансирање младински иницијативи и активности): 21% од испитаниците одговорија со да, 58% одговорија со не, а 11% одговорија дека не знаат.

Дури 84% од организациите одговорија дека имаат имплементирано проекти/иницијативи/ активности за млади, и тоа фестивали за музика, филмски фестивал, кампањи за подигнување на свеста кај младите во различни сфери, обуки, дискусии, работилници, часови за усовршување, кампови, извиднички акии, балетски концерт, играорни секции, драмски секции и секции за пеење, моден ден; додека во 16% од нив во нивните активности целната група била измешана, вклучувајќи и младите.

**Дали имате имплементирано проекти, иницијативи или активности за млади?**



## Фокус-групи

Целта на овие прашања беше да дознаеме дали и колку од интервјуираните лица во образовните институции знаат и им се познати самите документи за кои се прави мониторингот-извештајот, како и за програмите и мерките произлезени од овие два документа.

Во овој дел ќе ги презентираме одговорите и резултатите на одговорите од две фокус-групи одржани со млади на возраст 14-18 од средните училишта во Општина Струга. Прашалникот содржи вкупно 12 прашања, од кои пет отворени, преку што сакавме да добиеме информација колку се имплементираат, според нивно мислење, активности и проекти за младите во општината во која живеат. Со овој прашалник беа опфатени вкупно 30 ученици од средните училишта, од кои 53% беа женски, а 47% машки.

На прашањето: дали знаете дека во општината нема посебно оделение за млади, само 10% одговорија со да, додека другите 90% одговорија со не.

**Вклученост по пол**




**Дали знате дека во општина има посебно оделение за млади?**



На прашањата: дали имате слушнато за документот на општината Стратегија за млади, дали знаете дека Општина Струга треба да усвојува/ да донесе неколку програми за млади и дали имате сознанија за активности за млади што ги има реализирано или планира да ги реализира Општина Струга во иднина, сите испитаници одговорија со не.

На прашањето колку се активни во некои од невладините организации или во други иницијативи, 40% одговорија дека се активни и вклучени во различни активности, додека 60% одговорија дека не се активни.

Што се однесува на тоа колку сакаат младите да заминат од државата, на прашањето: каде ја гледате вашата иднина, само 40% одговорија дека сакаат да останат во државата, додека високи 60% одговорија дека ќе заминат надвор од Македонија.

## Имплементација на Акцискиот план во периодот 2015-2017

Од вкупно 51 активност од Акцискиот план, предвидени да се имплементираат во периодот од три години 2015-2017 25% од активностите се планирани за 2015 година, 33% од активностите се предвидени да се имплементираат во 2016 година, додека 2017 година има активности што се имплементираат во континуитет во текот на трите години на Акцискиот план, односно 39% од вкупните активности за реализација.

Имплементација на активностите. Од вкупно 51 активност, 39% се имплементирани, додека 61% се нереализирани активности предвидени според временската рамка во планот.

Во 2015 година, од вкупно 13 активности планирани за имплементација, само 69% се реализирани, а 31% остануваат нереализирани во предвидената временска рамка.

**Имплементација на активностите предвидени според временската рамка во Акцискиот план**






Во 2016 година, од вкупно 17 активности планирани за имплементација, 72% од активностите не се имплементирани, а само 28% се реализирани,

Активностите што беа планирани да се спроведуваат во текот на трите години, 2015-2017, заклучно со 2016 година - 55% од активностите се реализирани, додека 45% не се имплементирани.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## Заклучоци

- Акцискиот план предлага мерки и иницијативи што треба да ги обезбедат приоритетните цели, клучните показатели за нивното постигнување, целните вредности што сака да ги постигне општината во областа на младите, како и да ја постигне својата визија за развој и улогата на младите во општината. Општината, со сите засегнати страни со значителна вклученост (организациите на младите и општинската администрација), преку консултативен и партиципативен начин во креирањето на Стратегијата и Акцискиот план, обезбедиле флексибилност и толеранција кон однесувањето на локалните структури при реализација на активностите од Акцискиот план и дале разумна временска рамка за реализација на активностите.

- Со оглед на фактот дека во Општина Струга не постои посебно одделение ниту сектор за соработка со младите, спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво се реализира преку програми изготвени за различни области на надлежности на Општина Струга или со изготвување посебна меѓусекторска програма за соработка со младите. Степенот на реализација на активностите според временската рамка е задоволувачки и се одвива многу добро, и тоа за 2015 година степенот на реализација на активностите е 69%, додека од вкупните реализирани активности 2015-2017 година, се реализирани 39%.

- Младите што живеат во Општина Струга не се многу информирани за двата стратегиски документи што се наменети за младите како крајни корисници, и кај нив постои тенденција сè повеќе да заминуваат од државата.

- Младите во значителен број не се заинтересирани да се вклучуваат и да бидат активни во својата заедница и не се информрани за мерките и иницијативите што се планирани, како и за степенот на нивна реализација.

- Образовните институции имаат специфичен пристап за вклучување на младите во различни активности, иницијативи, проекти што обично се како внатрешна иницијатива на самата институција или се организиран од трет субјект финансиран од различни донатори. Тие остануваат отворени за какви било иницијативи што ќе придонесуваат за доброто на младите и, секако, на постигнувањето на индикаторите од двата документа.

- Имајќи предвид дека Акцискиот план за млади за периодот 2015-2017 год. има уште две години до целосно имплементирање, Општина Струга, одделенијата во општината, училиштата, невладиниот сектор, остануваат посветени да се реализираат другите активности.

- Мерките и активностите од Акцискиот план за младите што беа спроведени во текот на 2015 година беа финансирани во рамките на одобрените буџетски средства или проекти финансирани од други донатори од земјата и од странство.

- Мерките во поединечните приоритети не се целосно реализирани, но, сепак, може да се констатира дека има значителен напредок во постигнување на целите утврдени во Акцискиот план.

## Препораки:

- поддршка во креирање и засилување култура за вклученост и активно учество на младите во различни активности и иницијативи;
- поттикнување партнерство и меѓусекторска соработка меѓу државните органи, цивилното општество, образовните и истражувачките центри и бизнис заедницата;
- бесплатни обуки за младите, студиски патувања, размена на искуства;
- зголемени активности во промоција на достапните програми за поддршка на млади со цел зголемување на нивната свесност, информирање и вклученост;
- креирање младински инфоцентар;
- поголема промоција за обезбедување видливост на младинските здруженија и организациите за поддршка на младите;
- следење трендови и редовни истражувања за потребите на младите и проширување на услугите согласно со наодите;
- зголемување на општинските буџетски средства наменети за младински иницијативи или активности.

# 7. ИЗВОРИ

Документи, стратегии, публикации, истражувања

- Општина Струга, Стратегија за млади 2015-2020, Струга 2015
- Социјална карта на Општина Струга, 2016 достапна на: http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=6152&catID=10&pageIndex=1 , како и http://www.struga.gov.mk/index.php/mk/
- Општина Струга, Акциски план за локалната стратегија за млади на Општина Струга за периодот 2015-2017 година
- Акциски план за вработување на младите 2015 година (Министерство за труд и социјална политика)
- Истражување на потребите и предизвиците на младите претприемачи во Македонија (YES Фондација)

Податоци од интервјуа/прашалници

- Податоци од прашалникот на Оделението за образование, млади и култура на Општина Струга
- Податоци од прашалникот на Оделението за спорт и здружение на граѓани на Општина Струга
- Податоци од прашалникот на Одделението за социјална, детска и здравствена заштита на Општина Струга
- Податоци од прашалникот на две фокус-групи со млади на возраст 14-18 год
- Податоци од прашалникот на Фондација ЕУГЕН 2011
- Податоци од прашалникот на здружението Културно-уметничко друштво Реиет е Стругас (Rreyet e Strugës) Струга

- Податоци од прашалникот на невладината Ендра Риноре (Ëndrra Rinore)
- Податоци од прашалникот на здружението за развој и активизам АКВА Струга
- Податоци од прашалникот на здружението Локална агенција за развој Струга
- Податоци од прашалникот на Вепро (Vepro) Струга
- Податоци од прашалникот на здружението МЛАДИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА АЛТЕРНАТИВА Струга
- Податоци од прашалникот на Студиото за танц БАХ
- Податоци од прашалникот на Кенге Јехо (Këngë Jeho)
- Податоци од прашалникот на здружението Иницијатива за независен културен активизам ИНКА
- Податоци од прашалникот на Младинскиот совет Струга
- Податоци од прашалникот на Културно-уметничкото друштво Илинден Струга
- Податоци од прашалникот на Креативни и Активни Струга
- Податоци од прашалникот на здружението ПЛАНИНАРСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО ЗАКАМЕН
- Податоци од прашалникот на Младинскиот образовен форум Струга
- Податоци од прашалникот на Институтот за социјално истражување и одржлив развој
- Податоци од прашалникот на Драмското студио Миладин
- Податоци од прашалникот на СОУ гимназија д-р Ибраим Темо
- Податоци од прашалникот на Европски универзитет Струга
- Податоци од прашалникот на здружението МУЛТИВИЗИОН
- Податоци од прашалникот на Иднина со младите

Веб-страници

- http://www.struga.gov.mk.
- http://www.ccstruga.mk.
- http://www.nms.org.mk/mk/2016/05/ (Нациоален младински совет на Македонија)
- http://kanal77.mk/билет-во-два-правца-мос-тот-на-поезиј/
- http://www.alsat-m.tv/mk/293115/
- http://www.yes-network.org/izveshtai-i-dokumenti/
- http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx
- http://www.sega.org.mk/web/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=139&Itemid=256&lang=mk

# 8. АНЕКС

**Прилог 1:** Прашалник за мониторирање на Локалната стратегија и Акцискиот план за млади на Општина Струга (прашалник за одделението Образование и култура, Спорт и Здружение на граѓани, Социјална, детска и здравствена заштита)

## ЗАДОВОЛНИ ГРАЃАНИ

### ЗГ1: Зголемување на учеството на младите во процесите на донесување на одлуките во општината;

1.1 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

(Дали е донесена програма за развој на младински иницијативи?)

**ДА** **НЕ**

1.2 МЕРКИ ЗА ЗАСИЛУВАЊЕ НА ПАРТНЕРСТВАТА СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА МЛАДИ

(Какви мерки се преземени за засилување на партнерствата со организациите на млади?)

-
-
-
-

## ЗГ2: Зголемување на вклученоста на младите во реализацијата на мултикултурните проекти;

### 2.1 МЕРКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ПРОЕКТИ НА МЛАДИТЕ ОД ГРАДОТ СТРУГА И ОД РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

(какви мерки се преземени за вклучување на младите во мултикултурните проекти)

-
-
-
-

## ЗГ3: Намалување на миграцијата на младите едуцирани луѓе.

### 3.1 ПРОГРАМА ЗА АНГАЖИРАЊЕ МЛАДИ ЕДУЦИРАНИ ЛУЃЕ

(Дали е донесена програма за ангажирање млади едуцирани луѓе?)

**ДА** **НЕ**

### 3.2 МЕРКИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

(Какви мерки се преземени за образование за потребите на пазарот на трудот?)

-
-
-
-

### 3.3 МЕРКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

(Какви мерки се преземени за вклучување на младите на пазарот на трудот?)

-
-
-
-

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ УСЛУГИ

### ОУ1: Зголемување на ефективноста во обезбедувањето услуги за младите;

1.1 ВОСПОСТАВУВАЊЕ ФОРМАЛНА СТРУКТУРА ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ

(Дали е воспоставена структура за поддршка на младите?)

**ДА** **НЕ**

(Какви активности реализира?)

________________________________________________

________________________________________________

1.2 ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО КРЕИРАЊЕТО НА УСЛУГИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

(Дали се вклучени младите во креирање на услугите за потребите на младите на локално ниво?)

**ДА** **НЕ**

(Каков тип/вид/начин е употребен?)

________________________________________________

________________________________________________

### ОУ2: Зголемување на бројот на проектите насочени кон младите;

2.1 МЕРКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВОЈОТ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТИТЕ

(Какви мерки се преземени за вклучување на младите во развојот и имплементација на проектите?)

-
-
-
-

2.2 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ВРАБОТУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ

(Дали е донесена програма за развој на проекти во областа на претприемништвото и вработувањето на младите?)

**ДА** **НЕ**

2.3 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА СОЦИОКУЛТУРНИОТ ЖИВОТ ВООПШТИНАТА

(Дали е донесена програма за вклучување на младите во развојот на социокултурниот живот?)

**ДА** **НЕ**

2.4 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

(Дали е донесена програма за вклучување на младите во заштитата на животната средина?)

**ДА** **НЕ**

## ОУ3: Унапредување и развој на формалното и неформалното образование на младите.

3.1 МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ

(Какви мерки се преземени за унапредување и развој на формалното образование за младите?)

-
-
-
-

3.2 МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЛАДИТЕ

(Какви мерки се преземени за унапредување и развој на неформалното образование за младите?)

-
-
-
-

## РАЗВОЈ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

### РК1: Засилување на капацитетите на општината за соработка со младите;

1.1 ПРОГРАМА ЗА ЗАСИЛУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОПШТИНАТА ЗА СОРАБОТКА СО МЛАДИТЕ

(Дали е донесена програма за засилување на капацитетите на општината за соработка со младите?)

**ДА** **НЕ**

### РК2: Засилување на капацитетите на организациите на младите.

2.1 ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЗАСИЛУВАЊЕТО НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА МЛАДИТЕ

(Дали е донесена програма за поддршка на засилувањето на капацитетите на организациите за млади?)

**ДА** **НЕ**

## УПРАВУВАЊЕ СО БУЏЕТОТ

### УБ1: Зголемување на буџетот за младински активизам;

1.1 МЕРКИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ПЛАНИРАЊЕТО НА БУЏЕТОТ

(Какви мерки се преземени за вклучување на младите во планирањето на буџетот?)

-
-
-
-

### УБ2: Зголемување на небуџетските средства за поддршка на организациите на младите.

2.1 ФОРМИРАЊЕ ФОНД ЗА ПОДДРШКА НА ЕУ И ДРУГИТЕ СТРАНСКИ ПРОЕКТИ

(Дали е формиран фонд за поддршка на ЕУ и други странски проекти?)

**ДА** **НЕ**

## 2.2 ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЕУ И ОД ДРУГИТЕ ФОНДОВИ

(Дали е донесена програма за подобро искористување на средствата од ЕУ и други странски фондови?)

**ДА** **НЕ**

**Прилог 2:** Прашалник за мониторирање на Локалната стратегија и Акцискиот план за млади на Општина Струга (прашалник за образовните институции)

1. Набројте колку проекти/иницијативи/активности за млади има реализирано вашата институција последниве две години?

-
-
-
-

2. Кој е главниот донатор/финансиски поддржувач на вашите поекти?

Фондации/меѓународни организации
владини институции

3. Дали вашата организација има добиено финансиска поддршка од општината во последниве две години?

**ДА** **НЕ**

4. Дали имате соработка со Општина Струга?

**ДА** **НЕ**

Ако да, на кое ниво можете да ја категоризирате оваа соработка?

**Добро** **Многу добро** **Одлично**

5. Колку младите се активни на различни настани што се имплементират во вашата институција или надвор?

**Малку** **Прилично** **Многу**

6. Дали знаете дека Општина Струга има Акциски план за локална стратегија за млади?

**ДА** **НЕ**

Ако да, дали учествувавте во изготвувањето на Стратегијата за млади?

**ДА** **НЕ**

7. Дали сте информирани за програма за развој на младински иницијативи?

**ДА** **НЕ**

8. Дали сте информирани за мерките за засилување на партнерствата со организациите на млади?

**ДА** **НЕ**

9. Дали сте информирани за мерките за вклучување на младите во мултикултурните проекти?

**ДА** **НЕ**

10. Дали младите/младинските организации се вклучени во процесот на планирање на буџетот за млади (финансирање младински иницијативи и активности)?

**ДА** **НЕ**

11. Дали сте учествувале во обуки за фондови од различни донатори од земјата и надвор од Македонија организирани од општината или од други иституции/организации?

**ДА** **НЕ**

12. Дали сте учествувале на обуки за засилување на капацитетите на организациите за млади, организирани од страна на општината или од други организации/институции?

**ДА** **НЕ**

13. Дали мислите дека се преземаат мерки за намалување на миграцијата на младите едуцирани луѓе? Ако е да, кои?

-
-
-
-

14. Дали сте информирани за Центарот на заедниците во Општина Струга?

**ДА** **НЕ**

Ако да, дали знаете каква улога има овој центар во имплементацијата на Акцискиот план за локална стратегија за млади?

**ДА** **НЕ**

15. На какви активности организирани од Општина Струга и/или Центарот на заедниците во Струга има учествувано вашата институција?

-
-
-
-

16. Дали може да наброите неколку иницијативи/активности/програми за млади што се реализираат во Општина Струга (во градот и во руралните средини)?

-
-
-
-

**Прилог 3:** Прашалник за мониторирање на Локалната стратегија и Акцискиот план за млади на Општина Струга (прашалник за НВО)

1. Набројте колку проекти/иницијативи/активности за млади има реализирано вашата организација последниве две години?

-
-
-
-

2. Кој е главниот донатор/финансиски поддржувач на вашите проекти?

Фондации/меѓународни организации

владини институции

3. Дали вашата организација има добиено финансиска поддршка од општината во последниве две години?

**ДА** **НЕ**

4. Дали имате соработка со Општина Струга?

**ДА** **НЕ**

Ако да, на кое ниво можете да ја категоризирате оваа соработка?

**Добро** **Многу добро** **Одлично**

5. Колку члена/млади активни има вашата организација?

Помалку од пет пет до 10 10 и повеќе

6. Активни членови на вашата организација се

Волонтери Хонорарци

7. Дали знаете дека Општина Струга има Акциски план за локална стратегија за млади?

**ДА** **НЕ**

Ако да, дали учествувавте во изготвувањето на Стратегијата за млади?

**ДА** **НЕ**

8. Дали сте информирани за програма за развој на младински иницијативи?

**ДА** **НЕ**

9. Дали сте информирани за мерките за засилување на партнерствата со организациите на млади?

**ДА** **НЕ**

10. Дали сте информирани за мерките за вклучување на младите во мултикултурните проекти?

**ДА** **НЕ**

11. Дали се вклучени младите/младинските организации во процесот на планирање на буџетот за млади (финансирање младински иницијативи и активности)?

**ДА** **НЕ**

12. Дали сте учествувале во обуки за фондови од различни донатори од земјата и надвор од Македонија организирани од општината или од други иституции/организации?

**ДА** **НЕ**

13. Дали сте учествувале на обуки за засилување на капацитетите на организациите за млади, организирани од страна на општината или од други организации/институции?

**ДА** **НЕ**

14. Дали мислите дека се преземаат мерки за намалување на миграцијата на младите едуцирани луѓе? Ако е да,кои?

-
-
-
-

15. Дали сте информирани за Центарот на заедниците во Општина Струга?

**ДА** **НЕ**

Ако е да, дали знаете каква улога има овој центар во имплементацијата на Акцискиот план за локална стратегија за млади?

**ДА** **НЕ**

16. На какви активности организирани од Општина Струга и/или од Центарот на заедниците во Струга има учествувано вашата организација?

-
-
-
-

17. Дали може да наброите неколку иницијативи/активности/програми за млади што се реализираат во Општина Струга (во градот и во руралните средини)?

-
-
-
-

**Прилог 4:** Прашалник за мониторирање на Локалната стратегија и Акцискиот план за млади на Општина Струга (прашалник за фокус-групи)

1. Дали сте активист во некоја организација на млади и во која?

**ДА** **НЕ**

-
-
-
-

2. Дали работите како волонтери или со хонорар?

Волонтер Хонорар

3. Дали сте учествувале на обуки/семинари/работилници организирани од НВО за млади или други институции?

**ДА** **НЕ**

-

4. Каква улога има општината во вашата заедница?

-
-
-
-

5. Дали знаете дека општината нема одделение за млади?

**ДА** **НЕ**

6. Дали имате слушнато за документот на општината Стратегија за млади?

**ДА** **НЕ**

7. Дали знаете дека Општина Струга треба да усвојува/да донесе неколку програми за млади?

**ДА** **НЕ**

8. Ако да, за кои од овие имате слушнато/прочитано?

1.1 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА МЛАДИНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ

3.1 ПРОГРАМА ЗА АНГАЖИРАЊЕ МЛАДИ ЕДУЦИРАНИ ЛУЃЕ

2.2 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ВРАБОТУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ

2.3 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО РАЗВОЈОТ НА СОЦИОКУЛТУРНИОТ ЖИВОТ ВО ОПШТИНАТА

2.4 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

9. Дали имате сознанија за активности за млади што ги има реализирано или планира да ги реализира во иднина Општина Струга?

**ДА** **НЕ**

10. Набројте неколку активности/проекти за млади што се имплементираат во вашата општина?

-
-
-
-

11. Каде ја гледате вашата иднина?

Во општината кај што живевеете.
Надвор од Македонија.

12. Од што имате потреба вие како млади?

-
-
-
-